# ЗАКОН ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

**Службен весник на РМ, бр. 88 од 16.07.2008 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Содржина на Законот

Со овој закон се уредуваат начелата на инспекцискиот надзор, надлежностите, организацијата на инспекцијата, положбата, правата и должностите на инспекторите, постапките на инспекцискиот надзор и други прашања поврзани со инспекцискиот надзор.

### Член 2

### Инспекциски надзор

Работите од надлежност на шумарската и ловната инспекција се вршат преку Државниот инспекторат за шумарство и ловство (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### Член 3

### Употреба на Законот

Во вршење на инспекцискиот надзор, за прашањата од постапката кои не се регулирани со овој или друг закон, ќе се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка.

## II. НАЧЕЛА

### Член 4

### Начело на самостојност

Инспекторите се самостојни во вршење на задачите од инспекцискиот надзор во рамките на своите овластувања.

### Член 5

### Начело на заштита на јавниот интерес и заштита на приватните интереси

Инспекторите ги вршат задачите на инспекцискиот надзор со цел за заштитување на јавниот интерес, како и интересите на правните и физичките лица.

### Член 6

### Начело на јавност

Инспекторите ја известуваат јавноста за преземените мерки, доколку тоа е потребно да се заштитат правата на правните и физичките лица и во случај кога е потребно за обезбедување на почитување на правниот ред, односно нивните решенија.

### Член 7

### Начело на пропорционалност

1) Инспекторите мора да ги вршат своите задачи така што при врешење на своите овластувања навлегуваат во работата на правните и физичките лица само во обем кој е нужен за обезбедување на ефикасен инспекциски надзор.
2) При изборот на мерките, инспекторот ја зема предвид тежината на прекршувањето, изречува мерка која е поповолна за правното или физичкото лице кај кое инспекторот врши надзор доколку со тоа е постигната целта на прописот.
3) При одредувањето на рокот за отстранување на неправилностите и незаконитостите, инспекторот ја земе предвид тежината на прекршувањето, последиците за јавниот интерес и околностите од кои зависи за кое време лицето е должно да ги отстрани неправилностите.

## III. ДЕЛОКРУГ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКТОРАТОТ

### 1. Државен инспекторат за шумарство и ловство

### Член 8

Работите од надлежноста на Инспекторатот ги вршат државни инспектори за шумарство и ловство (во натамошниот текст: инспектори).

### Член 9

### Раководење со Инспекторатот

1) Со Инспекторатот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.
2) Директорот е самостоен во извршувањето на работите на Инспекторатот, го води и претставува, ја организира и координира работата на инспекторите и во рамките на своите овластувања одговара за законитост, квалитет и ефикасно работење на инспекцијата, а за својата работа му одговара на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
3) Во спреченост или отсутност на директорот, него го заменува раководителот на Секторот за шумарство и ловство во Инспекторатот.

### Член 10

1) На предлог на директорот на Инспекторатот, министерот донесува акти за организација, работа и систематизација на работните места во Инспекторатот.
2) Во актот за систематизација на работните места во Инспекторатот се утврдуваат работните места со посебни должности и овластувања.

### Член 11

Инспекторатот врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи од страна на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите и здруженијата на граѓани, правни и физички лица кои вршат дејност од областа на шумарството и ловството.

### Член 12

### Координација на работата на инспекторатот

1) За координација на работата се формираат пет одделенија надвор од седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои ги опфаќаат подрачјата на општините утврдени со актот на организација и за систематизација на работните места.
2) Инспекторатот ги усогласува мерките за помош во организација, просторно материјално-финансиско и административно работење по региони и подрачја.

### Член 13

### Координација на работата со инспекциите

1) Инспекторатот, заради постигнување на поголема ефикасност и дејствување на инспекторите каде што е потребно усогласено постапување на повеќе инспекции, ги усогласува плановите за работата на инспекторите, планира заедничко изведување на задачи од инспекцискиот надзор на различни инспекции и предлага формирање на групи на инспектори за заедничко спроведување на задачите и начинот на нивната работа.
2) Инспекторатот расправа за заеднички прашања поврзани со проблемите при работата и за тоа го известува министерот и Владата.

## IV. ПОЛОЖБА, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

### 1. Државни шумарски и ловни инспектори

### Член 14

1) Инспекторот е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено, политички неутрално и непристрасно.
2) Инспекторот е должен постојано да се оспособува за вршење на своите задачи во согласност со програмата за обука која ја издава директорот на Инспекторатот.

### Член 15

### Услови за инспектор

1) Инспектор може да биде дипломиран шумарски инженер - насока шумарство, со најмалку четири години работно искуство во струката или магистер од истата насока со најмалку две години работно искуство кој ги исполнува условите за засновање на работен однос и општите услови пропишани со прописите за државните службеници.
2) Ловен инспектор може да биде и доктор по ветеринарна медицина, со најмалку четири години работно искуство во струката или магистер со најмалку две години работно искуство, кој ги исполнува условите за засновање на работен однос и општите услови пропишани со прописите за државни службеници.

### Член 16

### Ограничување на вршење работа

Инспекторот не смее да врши работи, односно не смее да ги врши работите за друг работодавач од подрачјето на кое ги врши работите на инспекцискиот надзор, освен ако се работи за научна или едукативна дејност.

## Член 17

**Чување на деловна и друга тајна, како и тајната на изворот**

1) Инспекторот е должен да ја чува тајната со која се запознал при вршење на задачите од инспекцискиот надзор. Должноста за чување на тајната останува и по престанокот на работниот однос како инспектор.

2) Инспекторот е должен да ја чува тајната за изворот на пријавата и изворот на други информации врз основа на кои го врши инспекцискиот надзор.

## Член 18

**Одговорност на инспекторот**

(1) Инспекторот носи одговорност, ако:

1) при вршење на инспекцискиот надзорот пропушти извршување на задачи односно не преземе соодветни мерки кои во согласност со овој закон е должен да ги изврши, односно преземе;

2) не поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, односно не ги извести надлежните органи за кршењето на законите или другите прописи кои ги констатирал при вршењето на инспекцискиот надзор и

3) врши работи спротивно од членот 16 на овој закон.

(2) Прекршувањата од ставот (1) на овој член претставува дисциплински престап согласно со Законот за државните службеници.

(3) Инспекторот, против кого е поведена дисциплинска постапка поради потежок дисциплински престап, не смее до правосилноста на решението за дисциплинска одговорност да врши задачи од инспекциски надзор.

# V. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

## Член 19

**Вршење задачи од инспекцискиот надзор**

1) Инспекторот самостојно го врши инспекцискиот надзор, води управна постапка и издава решенија и заклучоци од управна постапка.

2) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот е должен да има легитимација со која се докажува неговото службено својство и при вршење на надзорот е должен да ја покаже ако тоа од него се побара.

3) Легитимацијата од ставот (1) на овој член ја издава и ја одзема министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4) Формата и содржината на образецот на легитимацијата, како и начинот на издавањето и одземањето на истата, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 20

1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот носи работна облека со амблем,опрема за работа и е вооружен.

2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува работната облека, изгледот на амблемот, опремата за работа и видот на оружјето што го носат инспекторите.

**Член 21**

**Овластувања на инспекторот**

(1) При вршење на инспекцискиот надзор кај правното или физичкото лице инспекторот има право да:

1) оствари увид во извршувањето на законите и другите прописи, при што субјектите од членот 11 на овој закон се должни да му обезбедат непречен пристап во вршењето на работите при инспекцискиот надзор и да обезбедат точни податоци и материјали доколку тој ги побара од нив;

2) врши надзор и контрола на спроведување на одредбите од Законот за шумите, Законот за ловството, Законот за заштита на растенијата, Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја и други прописи од областа на шумарството и ловството;

3) ги прегледа деловните книги, договори, документи и други исправи, како и работата и документацијата кога се водат и чуваат во електронски медиј, како и да побара нивна изработка во писмена форма која мора веродостојно да ја потврдува електронската форма;

4) ги сослуша странките и сведоците во управната постапка;

5) прегледа документи со кои може да се утврди идентитетот на лицата;

6) добие и употребува лични и други податоци од службените евиденции и други бази на податоци кои се потребни за вршење на инспекцискиот надзор бесплатно;

7) ги земе мострите на материјалите и опремата, за натамошно испитување бесплатно;

8) користи услуги на научни, стручни установи и стручни лица;

9) зема изјави од одговорните лица во правното лице, физичките лица, сведоците, заради утврдување на нивниот идентитет и да прибира податоци и

10) извршува и други работи кои се потребни за извршување на инспекцискиот надзор.

(2) При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да ја одземе документацијата која му е потребна за испитување на состојбата, доколку смета дека постои оправдан сомнеж за кршење на законите и другите прописи.

**Член 22**

**Пристап во простории и објекти**

1) Правните и физичките лица се должни да му овозможи на инспекторот непречено вршење на задачите од инспекцискиот надзор.

2) Инспекторот има право без претходно известување и без дозвола на лицата од ставот (1) на овој член, без оглед на работното време, да влезе во просториите и објектите и пристапи кон опремата и направите, доколку со закон поинаку не е определено.

3) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот наиде на физички отпор од лицата врз кои се врши надзорот или лицата не дозволат влегување во просториите и објектите или доколку таков отпор очекува, е должен да побара помош од Министерството за внатрешни работи. Трошоците за влегувањето и евентуалната штета која притоа може да настане се на товар на лицата врз кои се врши надзорот.

4) Министерството за внатрешни работи им дава помош на инспекторите согласно со одредбите од Законот за внатрешни работи.

## VI. ПОСТАПКА ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

### Член 23

### Одземање на овластувањето за водење на постапка

Директорот може на инспекторот да му го одземе овластувањето за водење на веќе започнатата постапка и работата да ја додели на друг инспектор само во случаи:

1) ако е дадена причина за изземање по законот кој ја регулира општата управна
постапка и
2) кога е поведена дисциплинска постапка против инспекторот.

### Член 24

1) За извршениот инспекциски надзор инспекторот е должен да состави записник во три примероци за констатираната состојба во работењето на правното или физичкото лице.
2) Примерок од записникот од ставот (1) на овој член му се доставува на одговорното лице во правното лице или му се врачува на физичкото лице кое присуствува при вршењето на инспекцискиот надзор.
3) Ако инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор утврди неправилности, е должен да донесе решение со кое ќе нареди да се отстранат неправилностите во определен рок или ќе изрече управна мерка предвидена со закон или друг пропис.

### Член 25

### Жалба против решението на инспекторот

1) Против решението на инспекторот од членот 24 став (3) на овој закон може да се изјави жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од осум дена од денот на добивањето на решението.
2) Жалбата изјавена против решението на инспекторот не го одлага извршувањето на решението.

### Член 26

### Трошоци за инспекциската постапка

Трошоците направени при инспекциската постапка кои биле итни за утврдување на дејствија, кои докажуваат дека лицето го кршело законот или други прописи, се на товар на лицето.

### Член 27

### Мерки на инспекторите

(1) Доколку инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека е прекршен закон или друг пропис, односно друг акт чиешто спроведување го надгледува, има права и должности да:
1) одреди мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците во законски утврден рок;
2) спроведе мерки во согласност со Законот за прекршоците;
3) поднесе пријава за сторено кривично дело кое се гони по службена должност;
4) предлага на надлежниот орган спроведување на мерки и
5) одреди други мерки и да изврши дејствија за кои е овластен со закон или други прописи.

(2) Доколку инспекторот утврди дека обврзникот со извршениот прекршок се здобил со имотна корист, на надлежниот орган му предлага нејзино одземање.
(3) Во случај кога инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор ќе утврди повреда на закон или друг пропис кој е во надлежност на друг орган, е должен веднаш да го извести соодветниот надлежен орган.

**Член 28**

**Превентивни мерки на инспекторот и предупредувања**

Со цел на превентивно дејствување, инспекторот ги презема следниве мерки:
1) одговара на писмени прашања на поединци, претпријатија и институции кои се однесуваат на дејствување на инспекцијата;
2) преку медиумите ја известува јавноста за утврдените неправилности, како и за последиците за повреда на законите и другите прописи и
3) на друг начин дејствува во смисла на едуцирање на јавноста.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице:
1) доколку попречи или оневозможи влегување на инспекторот во просториите, објектите или кон средствата (член 22) и
2) ако не ги почитува одредените мерки или не ги отстрани недостатоците во рокот кој го одредил инспекторот (член 27 став (1) точка 1).
(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член, освен глоба на правното лице, може да се изрече и прекршочна санкција, привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од една до две години.
(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече глоба во висина од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице.
(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член, освен глобата на одговорното лице во правното лице, ќе се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење на одделна дејност во траење од шест месеца до една година.

**Член 30**

Глоба во износ од 700 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на физичко лице ако стори некое од дејствијата на членот 29 став (1) точки 1 и 2 од овој закон.

**Член 31**

Согласно со одредбите на овој закон покрај изречената глоба за прекршокот од членовите 29 и 30 на овој закон на сторителите ќе им се изрече и прекршочна мерка, одземање на предмети, употребени или наменети за извршување на прекршокот.

**Член 32**

(1) Постапките за извршување на прекршочните санкции по овој закон ќе се водат пред надлежниот суд.
(2) Порамнување и посредување по одредбите на овој закон нема да се вршат.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

(1) Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесување на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

### Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".